# ПРЕЗЕНТАЦИЈА ОД ЕДУКАТИВЕН ПРЕСТОЈ ВО КЦ ЉУБЉАНА СЕПТЕМВРИ 2015

ДР МОРФА АРАПОВА
СПЕЦ. ИНФЕКТОЛОГ
ОПШТА БОЛНИЦА СТРУМИЦА

# ИЗВЕШТАЈ ОД ЕДУКАТИВЕН ПРЕСТОЈ- ЉУБЉАНА

Согласно програмата за едукација на Министерството за здравство на Р.М. бев упатена на едукација во УКЦ Љубљана- Клиника за Инфективни болести и фебрилни состојби, каде престојував од 31.08.2015 до 27.09.2015 г.

За време на мојот престој се запознав со организационата, функционалната, како и стручната поставеност на Клиниката.

Се стекнав со пошироки сознанија во делот на современата дијагностика и третман на болестите од Инфективната патологија, контрола и следење на интрахоспиталните инфекции, рационална употреба на антибиотици, имунизација кај деца по задолжителна програма и поставена епидемиолошка индикација (ротавирус, пнеумокок и ХПВ).

# 1.ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Клиниката за Инфективни болести функционира како посебен објект во кругот на УКЦ, која е поврзана со подземни топли ходници со сите останати клиники и објекти во рамките на УКЦ.

Се состои од 3 спрата- оддел за деца, оддел за возрасни, респираторен центар за интензивна нега, дневна болница и административен дел.

Располага со 140 болнички кревети од кои 54 на детски оддел, 76 на одделот за возрасни и 10 на интензивен оддел.

Има висок процент (над 90 %) искористеност на болничкиот капацитет)

Амбулантско поликлиничкиот дел се состои од 4 амбуланти- ургентна за деца, ургентна за возрасни, амбуланта за крвно преносливи болести ( хепатитиси  и ХИВ), како и амбуланта за еритеми (односно за Лајмборелиоза, која е ендемска за ова подрачје).

Има сопствена биохемиска лабараторија со современа и софистицирана дијагностика.

# 2.ПРОФЕСИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА

~Работниот ден на Инфективна клиника започнува со утрински стручен колегиум со кој раководи директорот на клиниката.

~На состанокот се реферира нокното дежурство, но и потешките случаи по оддели, кај кои во текот на ноќта биле потребни интервенции. Потоа следат интерни состаноци на лекарите по оддели.

~Се разгледува здраствената состојба на секој пациент, сите досегашни инвестигации, како и потреба од дополнителни иследувања, консултации во делот на терапијата, и евентуална потреба од конзилијарно мислење.

~Потоа собните лекари вршат визита на болните. А во среда има главна визита на Клиниката.

# 3.УВИДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

~Постои одлична тимска соработка, со високо поставена професионалност од една страна и крајно релаксирана атмосфера во секој сегмент од нивната комуникација.

~Односот лекар- пациент е на високо ниво, отворен и со взаемно почитување и респект. Пациентот има право да биде комплетно информиран за својата здравствена состојба.

~При приемот на Инфективна клиника секој пациент добива брошура со болнички информатор, кој ги содржи сите податоци за Клиниката, хоспиталните права на однесување на медицинскиот персонал, но и на пациентите.  Пациентот потпишува согласност за хоспитализација и анкетен лист за впечатокот и задоволството за време на престојот на Клиниката.

# 4.ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЛУЧАЈ

## Анемнеза

41 годишен маж

~2 месеци воспаление на оралната слузница, особено во долната усна

~чувствува гребење при голтање

~слуз во грлото и будење во текот наноќта

# СТАТУС

~При физикален преглед на пациентот не се забележани патолошки отстапувања

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ПАЦИЕНТОТ

~Од долната страна на јазикот  пациентот извлекол глиста видлива со голо око.

# ГЛИСТА






0.50mm

# GONGYLONEMA PULCHRUM-ГАНГЛИОНЕМА ПУЛХРУМ

Gongylonema pulchrum е единствениот паразит од родот Gongylonema способен за инфицирање на луѓето.

Основни карактеристики:

1. Gongylonema pulchrum -релативно тенок нематод без циркулаторен и респираторен систем со способност да се движи

2. Постојат околу 25 видови

3.Резервоар е: ежеви, кози, кучиња, мачки, преживари

4.Начин на инфекција:

~преку инсекти: измет од бубачки, лебарки

~контаминирана храна

~вода (ларви од трета фаза)

# *GONGYLONEMA PULCHRUM*

ИНКУБАЦИЈА до 6 недели

КЛИНИЧКА СЛИКА

Возрасните црви живеат во слузницата на хранопроводникот и усната шуплина

~Кај луѓето, симтомите од овој паразит не мора да се појават по 6 -тата недела, односно до моментот додека да се случи втората фаза од развојот на црвот кога младите црви почнуваат да мигрираат од хранопроводот до слузницата на усната и устата.

~Со првичната инфекција, кај некои пациенти се јавува блага треска и симптоми на грип.

~Начест локален симтом е чувство на движење во близина на усните и непцето предизвикано од сеуште несозреаните женски црви.

~Симптомите можат да траат од еден месец до една година се додека црвот не се отстрани хируршки.



# *GONGYLONEMA PULCHRUM*

ДИЈАГНОСТИКА

~изолација на паразитот

~лабораториски –повремена еозинофилија

ТРЕТМАН

~хируршко отстранување

~албендазол 400mg / 12 часа, 21 дена

# …ДОДАТНИ ПОДАТОЦИ

1. За конкретниот случај, преносот на паразитот е преку пиење загадена вода во подрачјето Gorjancih, Јули 2015.

2.При првичниот преглед не е установена промена на усната слузница,

пациентот е упатен на максилофацијален хирург

3.Досега се евидентирани околу 50 случаи кај луѓето во целиот свет.